Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 , 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25 ) и член 129ᵃ од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02),04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Демир Хисар со број 17-1186/22 од 26.12.2024 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**за организирање Јавен увид на**
**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН на село Белче**
**за инфраструктурна градба - изградба на**
**сообраќајни површини, улици бр.3,4,5 и 6 во село Белче, Општина Демир Хисар**

Се организира јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на село Белче за инфраструктурна градба- изградба на сообраќајни површини, улици бр.3,4,5 и 6 во с.Белче, Општина Демир Хисар, изработен од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „ЏОН И ЏОНИ" ДОО Прилеп, со техн.бр 417/25 од октомври 2025 година .

Трасата е со должина од 0.609km и се протега по постојни земјани улици со недефиниран профил во село Белче.

Површината на проектниот опфат изнесува околу 3805,52м2 , односно 0,38ха. Ширината на проектниот опфат по целата должина на трасата на сообраќајни површини, улици бр.3, 4, 5 и 6 изнесува 5,5м (2,75м лево и десно од осовината на трасата на улиците.

Предмет на Урбанистичкиот проект се: улица бр.3 со должина од 158,67м', улица бр.4 со должина од 196,58м', улица бр.5 со должина од 76,47м' и улица бр.6 со должина од 177,19'. Ширината на улиците да биде со асфалтен коловоз од 3,5 до 4,0м и банкини до 0,75м од двете страни на коловозот.

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Демир Хисар- www.demirhisar.gov.mk., во времетраење од 15 дена, почнувајќи од 26-11-2025 до 10.12.2025 година.

Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје дека во горе-наведениот рок може да достават забелешки, предлози, мислења на анкетни листови во општинската администрација.

Информации на тел. 047/ 552 661.

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
Никола Најдовски

Бр.11-1006/3
25.11.2025г.